**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,52 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, а се наоѓаат во зградата на Собранието, да повелат да влезат во салата, да ги завземат своите места, за да можеме да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по 104 седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Азис Положани, Фиат Цаноски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Бесим Догани, ме известија дака се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствaат 61 пратеник, односно мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по - **Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлог законот.

Претресот по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 10 гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 18 за додавање на нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Јован Лазарев:** И овој амандман е од сферата на даночната политика и Владата не го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувани колеги во членот 18 се дефинира четвртата форма која овој закон ја дава како можност за формирање на институцинално здружување помеѓу два и повеќе субјекти кои ќе вршат дејност од сферата на технолашкиот развој и е именуван како научно-технолошки парк. Едноставно да ви објаснам дека станува збор за здружување помеѓу трговски друштва или стопански субјекти кои имаат одредена развојна програма и политика и научни институции.

Во пракса, колку мене ми е познато фигурираат три научно технолошки паркови, еден на Електротехнички Факултет, еден на Машински Факултет, а еден на Техничкиот факултет во Битола и еден има на Штуловиот факултет. Значи четири.

Нивната работа е доста успешна, значи покажуваат перманентно добри резултати. Но она прашање што го поставив и во преходните дискусии за самиот закон кој се нарекува закон за потикнување и помагање на технолошкиот развој. Ние во законската рамка мораме да дадеме вистинско поттикнување и помагање на субјетите за да ја остварат функцијата на технолошкиот развој.

Со нашиот амандман предлагаме овие стопански субјекти кои ќе се здружат во форма која ја дефинира членот 18, значи научно технолошки парк кој ќе достави програма за работа кој што се состои од најмалку еден субјект од научно истраживачката дејност и едно трговско друштво што ќе има еден менаџер, најмалку едан вработен со научно звање и двајца стручни работници од трговските друштва. Мора да им се даде стумулација во нивната работа, а стимулацијата е во амандмант.

Дозволете да го прочитам амандманот, бидејќи исто како и за претходните амандмани, заменик министерот, за жал го нема мандатот да ги прифати овие сугестии преточени во амандмани, иако се многу корисни за самиот закон. Различен е од претходните каде баравме даночно ослободување.

Во членот 18 во кој е дефинирана формата на научно технолошки парк предлагаме да стои уште еден став 3 кој гласи - научно технолошкиот ќе биде стимулиран со 30% од вложените средства на здружените субјекти за остварување на програмата за работа. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Република Македонија. Јас знам дека е тоа симтоматично за министерството, бидејќи станува збор за дополнително оптоварување на Буџетот на министерството. Но ако декларативно се залагаме за развој мора да се обезбедат содветни средства.

Ако во претходните три амандмани на трите форми немаше простор да се интервенира од страна на претставникот, бидејќи навистина ги надминува рамките на Министерството, тука беше потребно да се изјасни Владата.

Во овој случај не ви треба таква дозвола од страна на Министерството за финансии, односно Владата, бидејќи кога го усвојувавме Буџетот во неколку наврати вие кажавте дека неколку кратно се зголемиле средствата и за научно истражувачката дејност односно за наука во која спаѓа и технолошкиот развој.

Ако во минатото имаше 4 вакви институционални форми, лесно е да се провери колкави средства користеле во остварување на минималната егзистенција, пред се на кадарот кој што работи таму. Колку вложувале основачите во нив и лесно може да се вкалкулира дека и во постоечката ставка за технолошки развој ќе можат да се искористат средствата кои што ги имате на располагање. Само што сега наменски ќе ги лоцирате за конкретни инфраструктурни правни субјекти. Наместо да се појавуваат адхог предлог-проекти од некои, други институции кои што по разни канали ќе бараат разбирање.

Значи ова е една добра форма, еден добар начин да се даде поттикнување на технолошкиот развој. Од тие причини многу внимателно размислувавме кога го предлагавме амандманот и мислиме дека ова нема да бидат преголеми средства кои што ќе овозможат соодветна стимулација, пред се, за факултетите да започнат ваква форма.

Сега да не споменам дека во овие научнотехнолошки паркови ќе можат да се ангажираат и други млади кадри кои не можат својот научен опус да се надеваат за скоро време да го вградат во високообразовната дејност на факултетот. Едноставно затворени се рампите подолго време за прием на нови кадри, тешко оди вработувањето, а ова е добар начин младите потенцијали, младите истражувачки кадри да се задржат во ваква форма и богами многу добро и ќе се профитира доколку правилно се имплементира законот и добро се менаџира овој тип на здружување, мислам дека треба државата да овозможи стимулација за да се формира ваков тип на здружување. Од тие причини го предложивме амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете имате збор.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни се јавив за збор за да го подржам амандманот на колегите Герамитчиоски и Макрадули.

Како пратеник во Парламентот дојдов од една стопанска организација од Електростопанство на Македонија која имаше долгогодишно искуство во соработка со една научно образовна институција односно со Електротехничкиот факултет во Скопје.

Се јавив за збор помеѓу другото и да ја пофалам соработката некогашна помеѓу Електростопанство на Македонија и Електротехничкиот факултет и ценетите тамошни професори кои не само заради форма туку заради реална потреба помагаат на електростопанството. Благодарение на тие соработки заедно со професорите Ханџиски, со Рајчич, со многу други правевме системи за заземјување на неутралната точка, правевме системи за управување, контрола и набљудување на енергетските објекти, правевме со ценетиот професор Ачковски компјутерско проектирање на далеководи, проектирање на трафостаници итн. Меѓутоа таа соработка се изведуваше бидејќи тогашното Електростопанство, спрема мене, беше се уште во сопственост на државата. Се сомневам дека во денешните услови на приватни стопански субјекти во колку не постои дополнителен стимул ќе се остваруваат такви соработки.

Јас го слушав внимателно претставникот од Министерството за образование и наука кој неколку пати се изјаснуваше дека и тој мисли дека треба да постојат некакви бенефити, некакви стимули најмалку ослободување од данок од добивка во оваквите претпријатија во овие пет форми дефинирани со Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој на претпријатија, едното од тие дефинирано во членот 18, за што во моментот дискутираме, односно за Научнотехнолошкиот парк. Вие, неколку пати кажувавте дека сте на исто мислење, дека треба да постојат некакви стимули, даночни олеснувања за таквите претпријатија.

Меѓутоа, вие сте член на оваа Влада. Зошто таму не сте се избориле да биде вашиот предлог и вашето мислење што кореспондира со нашите амандмани, со мислењето на оној дел на пратениците кои ја следат оваа дебата, дека треба да постојат такви олеснувања. Зошто само овде да дискутираме и да дебатираме дека е во ред, меѓутоа во моментот не може такво нешто да се направи.

Почитувани присутни, ако Буџетот на Република Македонија, во најголем дел се полни од македонското стопанство, најмалку што можеме да направиме е да го подржиме овој амандман односно индиректно, на македонското стопанство да вратиме еден дел, преку формирање на научнотехнолошки парк во кои што 30% од средствата што се предвидени во програмата за работа ќе бидат финансирани од Буџетот на Република Македонија. Овие 30%, со кои и те како ќе се помогне на научнотехнолошките паркови, овие 30% ќе бидат индиректна помош од Владата и од Буџетот за стопанството, за дејностите, за предметите што ќе се обавуваат во овие институции, со што ќе се помогне на стопанските субјекти. Инаку, џабе дискутираме дека овој закон е согласно со регулативите на Европската унија, дека во овој закон поттикнуваме доведување до ефективни иновации и нивно искористување во функција на севкупниот развој како и достигнување на повисоко ниво на развој на носителите на технологии, со што би се постигнало зголемување на продуктивноста, вработеноста, унапредување на животната и

работна средина и подобрување на квалитетот на севкупниот живот. Џабе тие декларации ако не помогнеме реално на нашето стопанство.

Овде би сакала да ги спомнам и македонските конфекции на кои им е потребно и те како помош и соработка од Технолошкиот факултет во Скопје. Македонските конфекции кои работат и придонесуваат да една третина од македонскиот извоз биде токму нивното производство, односно работата на тие околу 45 илјади вработени во Македонија. Меѓутоа, без постоење на некаков стимул и на некаков бенефит, соработката меѓу нив и постоечкиот Технолошки факултет во Скопје ќе биде и понатаму минимална, бидејќи тие се во трка, ден за ден да го остварат бараното производство.

За жал, трендот деновиве оди во удолна линија, трендот деновиве оди во линија на бегање на странските партнери од македонските текстилни конфекции, поради дополнителните даночни оптоварувања од оваа Влада врз нивните вработени и врз нивното производство, што придонесе да нивните цени бидат неконкурентни со останатите конфекции, пред се на Балканот и на просторите на бившите Источно европски држави и за жал, најверојатно, еден голем дел од тие текстилни работници, наредните месеци ќе останат без работа.

Меѓутоа, ваквиот закон за реално поттикнување и помагање на технолошкиота развој во кој ќе бидат инкорпорирани амандманите за реални бенефити на македонското стопанство од страна на Владата, од страна на Министерството за образование и наука ќе значи овозможување и користење на посовремени технологии во секојдневното производство.

Јас се залагам за реално искористување на научниот потенцијал во Македонија, на нашите доктори на науки, на нашите магистри, нивно искористување во стопанството, на кој начин ќе можат да помогнат во развојот на македонската економија исто така на кој начин ќе можеме и нив да ги задржиме во државата.

Во овие дебати многу се дискутираше за одливот на мозоци од државата, но што правиме ние да не дојде до тој одлив на мозоци. Многу малку, реално. Многу малку, сите досегашни влади направија за ова прашање. И денеска, државата се судира со огромна невработеност, многу поголема од јули 2006 година, иако оваа Влада ветуваше дека ќе се намали бројот на невработеноста. Државата се судира со огромна економска стагнација иако се ветуваше огромен економски напредок, државата се судира со минимално ниво на странски инвестиции.

Секој закон што овде го разгледуваме посебно со знакчето на Европската унија треба да придонесе да Република Македонија оди напред. Меѓутоа, деновиве, случувањата околу името и случувањата околу влегувањето или невлегувањето во НАТО, најверојатно ќе значат и потикнување или непотикнување на македонското стопанство и на македонскиот застој многу повеќе отколку овој закон што денеска или утре овде ќе го усвоиме. Но, секоја алка значи многу во системот на македонската економија и на македонската држава.

Поради тоа ги замолувам пратениците кои се овде присутни, а кои очигледно воопшто и не слушаат за што се дискутира овде, да го подржат овој амандман. Јас се надевав дека претставникот од Министерството за образование и наука ќе го подржи амандманот бидејќи не ги подржа вчера сите оние реални барања за даночни ослободувања, меѓутоа најверојатно и овој амандман од СДСМ нема да ја види светлината на денот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Славица Грковска се пријави за збор, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас сакам да апелирам парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман, заради тоа што во вакви услови, во услови на многу мали финансиски можности кои што државата ги дава за финансирање на високообразовните и на научните институции кои се занимаваат со научна работа навистина е потребно да се даде дополнително финансирање и дополнителен импулс за организирање на научнотехнолошки парк кој што ќе ги обедини и ќе овозможи протек на знаења на високите технологии, истражувачките активности помеѓу сите оние фактори кои се занимаваат со научна дејност. И универзитетите и институциите кои се занимаваат со истражување и развој, меѓутоа и трговските друштва кои имаат директна корист и бенефит од новите технолошки достигнувања.

Се надевам дека, барем денес, моите колеги од парламентарното мнозинство ќе покажат интерес заради тоа што и покрај тоа што ваквите закони од сферата на образованието и науката не наидуваат на голем интерес од страна на мнозинството,тие се непомалку важни од останатите закони кои ги носиме и имаат големо значење за основање на база, давање законска рамка, за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

Очигледно дека парламентарното мнозинство е насочено кон други интереси, кон лични интереси, кон партиски интереси и наоѓање начини за задоволување на своите потреби во овој тајминг кога е критичен и за Република Македонија, а да не зборуваме за регионалниот контекст во кој се наоѓа државата во овој момент.

Да се вратам на амандманот.

Со амандманот се предлага научнотехнолошкиот парк да биде стимулиран со 30% од вложените средства на здружените субјекти...

Добро претседателе,

Ако пратениците имаат потреба од пауза мислам дека е корисно да дадете пауза и да се одморат место да дискутираат.

(Џагор во салата)

**Љубиша Георгиевски:** Добро, говорете, сега е веќе подобро тишина.

Ве молам да се слушнеме, сега е веќе потивко.

Повелете госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** За жал не можеме да донесеме закон со што ќе ги воспитаме и дисциплинираме одредени пратеници. Тоа се учи од многу порано.

Со амандманот се предлага научнотехнолошкиот парк да биде стимулиран со 30% од вложените средства на здружените субјекти за остварување на програмата за работа. Овие средства да бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

Ако имаме консензус во тоа дека треба да се инвестира во образованието, ако имаме консензус во тоа дека во развојот на една држава неопходно е развој на образованието и науката, тогаш сметам дека треба да имаме консензус во прифаќањето на овој амандман. Не можеме да инвестираме и очекуваме некакво помагање и развивање на технолошкиор развој доколку дополнително државата не вложи средства за поттикнување на формирање научнотехнолошки паркови што ќе ги обедини сите оние субјекти кои можат да придонесат во креирање на новите технологии и нивната употреба. Тука и за Центарот за информатички технологии, Центарот за трансфер за технологии и иновацискиот центар, истражувачко развојната единица. Тоа се неколку можности што ги дава овој закон, а што без дополнителни финансиски средства во страна на држават нема да можат да издржат.

Ние сме една од државите што оделува најмалку средства за наука и покрај тоа што стандардот во европските држави е многу поголем, ние сме направиле одреден исчекор, меѓутоа се уште недоволен за тоа да биде финансиска инекција што ќе биде директно почуствувана помеѓу научните работници.

Затоа, со прифаќање на овој амандман практично секоја наредна Влада, секој нареден собраниски состав ќе има обврска да одделува повеќе, да води сметка да оделува повеќе средства од Буџетот за инвестирање во научнотехнолошки парк и практично за оделување повеќе средства за поттикнување на технолошкиот развој.

Ако не го направиме ова, ако не ги прифатиме овие амандмани, практично ние ќе имаме еден формален закон за помагање и поттикнување на технолошкиот развој, без можност или без директна обврска за сериозна финансиска инвестиција или инекција од страна на државата за поттикнување и помагање на сите оние субјекти што можат да придонесат за такво нешто. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Герамитчиоски имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик минстер,

Излегов да ви се обратам вам и да ве прашам нешто.

Разбирливо е дека амандманот нема да биде усвоен, тоа ми е совршено јасно. Но, ако внимателно се прочита законот, самиот закон си се негира себе си. Прочитајте го Поглавјето Финансирање на дејности. Прочитајте го Поглавјето 21 “Средствата за остварување на Програмата за технолошки развој се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините на Град Скопје, како и трговските друштва што остваруваат развојно истражувачка дејност”.

Во членот 6 е дефинирано што е тоа програма за технолошки развој. Меѓу другото средствата се насочуваат кон “подобрување на институционална образовно - научно и технолошка инфраструктура, комуникација и соработка меѓу министерствата и други институции задолжени за технолошки развој”, соработка со субјекти на научно истражувачка дејност.

Значи, во вашиот буџет има ставка за стимулација на овие форми на здружување.

Прашањето ми е како ќе ги трошите, имате ли визија како во програмата ќе бидат застапени, или тоа паушално ќе си го правите, според политичките подобности на институционалните форми кои што се здружуваат, ако не сакате ова да биде институционализирано во закон со процентуален износ, во кој што субјектите кои што се здружуваат ќе дадат одредена сума на пари. Тогаш, вашите пари се обезбедени со овој закон и со вашиот Буџет. Како ќе ги трошите? Во таа програма нема ли да се состојат овие институционални форми. Мора да се состојат бидејки се дефинирани во законот.

Извинете, но овде има многу контрадикторности кои што оставаат отворен простор за сомневање на субјективизам во делење на средствата. Вака или онака ќе биде. Ако има разбирање за претходните три амандмани во кои што бараме Владата да се откаже од данок на добивка, со овој амандман и наредниот амандман бараме со член на законот да биде дефинирано со колкава сума ќе влезете како Министерство од Буџетот, од програмаа за технолошки развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот заменик министер за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Почитуван пратеник, не може да се предвиди во закон сума од 30%, која што ќе се дадат средства на некоја институција, па таа нека биде технолошки парк, затоа што средства ќе се дадат согласно програмата, согласно евалуиран проект со одлука на Комисија и со одлука на Министерството. Значи, само програмите ќе се

финансираат и ќе бидат тие кои ќе бидат финансирани.

До колку овие технолошки паркови, овие центри за извонредност се разбира дека секогаш ќе конкурираат и ќе добиваат проекти, се разбира до колку понудат квалитетни проекти кои ќе бидат оценети позитивно од Комисијата за евалуација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господините Герамитчиоски, имате збор за реплика.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер прочитајте го предлогот на амандманот.

Во предлогот на амандманот ние доследно вака кажуваме "научно-технолошкиот парк ќе биде стимулиран со 30% од вложените средства на здружените субјекти за остварување на прогрмата за работа". Значи не само заради тоа што постојат.

Програмата за работа ја доставуваат пред вас и вие им давате согласност. Не може тие паушално да си пишат.

Понатаму, 70% од средствата ги обезбедуваат тие и вие лесно можете тоа да го контролирате.

Значи, свесно бараме растеретување на субјектите кои што влегуваат во ова здружување од програмата за која што веќе се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Министерството за образование и наука.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Грковска повелете вашите три минути за реплика.

**Славица Грковска:** После ова образложение што го слушнав јас не сакам да верувам дека амандманите воопшто се разгледуваат сериозно, заради тоа што амандманот е многу прецизен и во сите овие амандмани не се бара некакво фиктивно финансирање, или дополнителна помош од државата, туку напротив програма која што ќе ја помине регуларната процедура и која што ќе биде прифатена од страна на Комсиијата во Министерството.

Она што е потребно е финансирање на дел од програмата. Значи, дополнителни финансиски средства кои што во даден момент ќе го растеретар функционирањето на научно-технолошкиот парк, меѓутоа и во претходните амандмани, за сите останати институции што зборувавме, заради тоа што на нив им е потребен дополнителен стимулг и за почеток на работа, меѓутоа и за понатамошно функционирање.

Станува збор за исклучително сериозно прашање.

Нас научно-технолошкиот парк во себе ги обединува сите субјекти кои што придонесуваат за поттикнување и потпомагање на технолошкиот развој, и универзитети и научни институти и трговски друштва. Значи, од една страна ги имаме оние кои што ги креираат иновациите и кои што придонесуваат при изнаоѓање на модели за технолошки развој, а од друга страна имаме трговски друштва кои што дирекно можат да имаат корист од работата на високо образовнит еинституции и научните установи. Тоа не може да помине без дополнителна финансиска подршка од страна на државата.

Секоја држава која што има стратегија за развој на државата во глобала, има стратегија за финансирање на ваквите научно-технолошки паркови на институционални јадра кои што придонесуваат за технолошки развој, па како сакате наречете ги тие.

За жал оваа Влада не нуди таква стратегија, ниту пак е заинтересирана да понуди, заради тоа што единствено што и е важно е да штиклира дека донела уште еден закон кој што го носи знакчето на Европската унија, а не е важно што пишува во законот и какви решенија нуди, дали тој може да се примени во Република Македонија или не, и какви ќе бидат реперкусиите од решенијата што ги дава во законот.

Што е најтрагично, не е тоа случај само со овој закон, туку и со многу закони кои што гоносат европското знакче, а немаат никаква врска со европските директиви. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, а пратениците кои не се присутни во салата ги замолувам да повелат да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник за гласале 9, воздржани нема и против 36.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор замeникот министер, повелете.

**Јован Лазаров:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете, имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Па не ни очекував да биде прифатен, само сакав една потврда на едно големо лицемерие на оваа Влада.

Значи, се трошат буџетски средства на големо за рекламирање во јавноста како информатичкото општество ќе го подигнеме во Република Македонија на повисоко ниво. Фрчат компјутери на сите страни “компјутер за секое дете”, а децата немаат ни компјутер видено сеуште. Се отвораат центри за бесплатен интерет, се отора посебен секретарјат за информатика, иако не му помина идеата за да има министерство за информатика, овде каде што Министерството за образование и наука по закон е должно да го стимулира овој дел се одбива од буџетските средства, кои што се дефинирани во Програмата за технолошки развој да се одвои одредена сума на средства која што ќе овозможи да се формираат центри за информациски и комуникациски технологии.

Па, ви се молам оваа Влада знае ли што прави или не знае. Од една страна се стимулира во јавноста, јавно мислење е дека се прават Вавилонски кули, а впрочем празно е, шупливо е внатре, не сакаат ни камен темелник да стават. Кои институционални форми во Република Македонија ќе го креираат амбиентот во научната сфера од ова подрачје ако не овие центри. Зошто воопшто ги предвиделе во оваа програма, во овој закон кога не се волни да го прифатат.

Јас нема повеќе да должам, но очигледно е дека ова е само закон препишан за технолошки развој, а не за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоќо Филипова имате збор.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Се јавив да го подржам и овој амандман, како и претходниот кој предвидува во една од петте институционални форми третирани со овој закон се предвидува 30% од програмата за работа да биде финансирана од Буџетот на државата.

Почитувани, до колку реално Министерството за образование и наука и оваа Влада имала намера да го поттикне технолошкиот развој во Република Македонија требало за паралела да го земе Законот за заштитините работилници кој реално во пракса донесе многу успешни резултати.

Би сакала да потсетам овде дека заштитните работилници со кои е предвидено вработување на лица со хендикеп, или на инвалиди се ослободени од многу давачки во производството. Се ослободени или имаат бенефиции како ослободување од данок на добивка, ослободување од персонален данок, придонесите за ПИОМ им ги плаќа државата, додека овие пет организации кои ќе помогнат реално за напредок на македонското стопанство не добиваат, или нема предвидено скоро никаков бенефит од страна на државата.

Убаво е да се зборува за соработка на научните кадри во државата и стопанството, меѓутоа Собрание додека само зборуваме, се додека не им дадеме некоја реална поволност, реален бенефит ќе остане само закон на хартија и ќе остане само зборување за наша голема грижа за македонската наука, за македонските доктори на науки, за македонските магистри и слично.

Овде се трудиме барем со овие амандмани, кои за жал, бидејки се предложени од пратеници од опозицијата, се трудиме малку да придонесеме законот да добие реален облик, со законот да се добијат средства од Буџетот на државата кои ќе бидат со цел да помогнат во овие пет организации со кои ќе се помогне технолошкиот развој.

Јас во мојата дискусија по претходниот амандман ја споменав реалната соработка и реалната помош од професорите на Електротехничкиот факултет во развојот на македонското Електростопанство, меѓутоа најголем дел од таа соработка се одвиваше во еден друг систем. Најголем дел од таа соработка се одвиваше во времето кога Република Македонија и стопанските организации и образовнит еисниституции беа државни фирми. За жал мноу малку ако нема било каков бенефит денешното стопанство кое се базира на пазрна економија ќе одвои средства од својата каса за технолошки развој.

Би сакала уште еднаш да ги споменам проектите кои ги работевме заедно со Електротехничкиот факултет, заедно со професорот Хаџиски и Рајчиќ околу заземнување на неутралната точка со што се постигна дистрибутивната мрежа во Република Македонија да има многу малку прекини, реален бенефит, меѓутоа проектот траеше 4-5 години и требаше многу труд од страна на ценетите доктори на науки од Електротехничкиот факултет.

Да ја споменам реалната соработка околу изработка на софтверот и неговата имплементација со професорот Ристо Ацковски за изработка на проектирање на делекуводи и трафостраници и да споменам уште многу соработки кои со ваква поставеност на овој европски закон, за жал нема понатаму да ја видат светлината на денот.

Поради тоа го подржувам овој амандман од колегите Герамитчиоски и Макрадули, меѓутоа мислам дека за жал нема да го добие потребното мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитуван заменик министер.

Јас да се обидам да дадам дополнителни аргументи зошто треба да биде прифатен амандманот.

Јас многу пати сум зборувал и сум пишувал за тоа колку е лажна заложбата на оваа Влада за развој на информатичкото општество и дека освен најкоруптивниот тендер за стоте илјади компјутери помеѓу министерот за образование и

наука и минситерот без ресор ништо друго не е направено во Република Македонија.

На почетокот сакам да го демантирам заменикот на министерот кога има дилема за 30%, за да му го посочам членот 24 од законот, веројатно го прочитал, каде што Министерството софинансира 50% од вредноста на програмата. И овде зборуваме за 30% финансирање на програмата на вложените средства за остварување на програмата, така да не е ништо ни чудно, ни срамно, меѓутоа ни нешто го нуди законот.

Господинот Герамитчиоски ја кажа можеби најдобрата дефиниција за овој закон, а тоа е дека овој закон само за технолошки развој, препишани дефинициiод некаде, а најмалку станува збор за поттикнување и помагање на технолошкиот развој бидејки нема никаква шанса за имплементација на законот, или не се нудат решенија во рамки на овој закон.

Вчера зборував дека во Република Македонија со гласање во ова Собрание има донесено Национална стратегија која што со оглед на тоа што ВМРО-ДПМНЕ е на власт не почитува ништо што е претходно направено и еден исклучително значаен раст што го имаше информациската и комуникациската технологија во изминатиот период со потезите на Владата е доведен во стагнација.

Инфорамтичката и комуникациската технологија во минатата Влада за прв пат беше дефинирана како стратешка гранка во областа на економијата и тоа е област која најмногу расте во Република Македонија од сите индустрии.

Растот на информатичката и комуникациската технологија пред се генериран од квалитетните компании во Република Македонија, најмногу здружени во стопанската асоцијација Масид, но и во стопанските комори на Македонија придонесоа за еден исклучителен раст на оваа сфера.

Со серија потези и со серија проекти направени се многу заеднички активности помеѓу Универзитетот и стопанските комори односно компаниите. Центарот за информациски и комуникациски технологии има за задача да сублимира дел од тие активности, да биде точка во која што ќе се вртат млади луѓе кои што ќе работат во тие центри, наместо да си ја бараат својата егзистенција надвор од земјава. Има многу земји кои што ова го направиле со комплетно приватниот сектор, Романија предничи со тоа, со серијата на привилегии за компјутерските компании. Но, тука зборуваме за уште полесна работа што Владата треба да ја направи, а тоа е да го поттикне навистина технолошкиот развој, давајќи стимулации за финансирање на само 30% колку што бараме за реализација на програмата на вложените средства за реализација на програмата на еден центар за информациски и комуникациски технологии. За жал, како што за многу компании во Република Македонија се запре развојот со серијата на потези оваа Влада придонесе за стопирање на развојот на информатичката и комуникациската технологија.

Најрепрезентативен пример е тендерот за 100 илјади компјутери на Министерството за образование и наука каде што беа елиминирани сите македонски компании да не можат да се јават, да не можат да конкурираат на тој тендер за да се запре нивниот развој, или да се запрат средствата кои што можат да се дадат за развој на македонските компании, а да се стимулираат, или да се фрлаат пари кои што сеуште не знаеме каде. И за моја голема разочараност сеуште нема никаков абер од Државниот ревизор на Република Македонија. Не можеме да зборуваме за информатичко општество ако не зборуваме за зголемување на потребата од професионални кадри кои ќе работат во оваа област. Немаме многу кадри од оваа област, а и тие што ги имаме не наоѓаме форма како да ги задржиме. И ваквите центри без разлика дали се научно технолошки паркови, дали се центри за трансфер на технологија, или пак се центри за информациски и комуникациски технологии се вистинско место во кое што младите дипломирани квалитетни кадри можеме да ги задржиме да работат на одредени проекти. Партнерството помеѓу јавниот и приватниот сектор има многу успешни приказни, или резултати и во Република Македонија, но пред се во Европа особено во оваа област. И затоа ние можеме да ја лажеме јавноста дека се залагаме за развој на информатичкото општество, ама ниеден пример за овие две години, или во оваа трета календарска година со која што ќе се потврди дека нешто е направено, освен лоповот и криминалот во тендерот за 100 илјади компјутери ништо друго не е направено во оваа област. Напротив, целиот тој процес е заостанат и целиот процес се остава само на разни дефиниции и флоскули, некои термини кои што апсолутно немаат никаква врска со развојот на информатичкото општество. Затоа не за џабе во Националната стратегија што ова Собрание едногласно ја усвои ваквите центри за информатичка и комуникациска технологија се посебен проект, но кој проект не може да го прават само луѓето од Министерството за образование и наука, или од Владата. Ова е проект кој што треба активно да ја вклучи асоцијацијата на приватните компании и проект кој што особено треба да ги вклучи општините со свое учество и со своја логистичка поддршка и инфраструктура. Ако сакаме да направиме децентрализација на економскиот раст надвор од Скопје и ако сакаме луѓето кои што завршуваат да не бидат само сконцентрирани на тоа да работат во Скопје, ваквите центри, во овој случај Центарот за информациски и комуникациски технологии е одлично место каде што со партнерство со универзитетите и со факултетите може да врзе една голема група на луѓе, пред се млади луѓе да работат на научно истражувачки проекти, на развојни проекти од било која област за да може

да останат во нашата земја. Се разбира, не само стрикно една научна област ќе се развива. Во овие центри обично се развиваат и многу менаџерски способности, сите тие поаѓаат од едни нови поставки на организирање на работите, на менаџирање на работите, на реинжинеринг на работите. Мислам дека ваквите центри се исклучителна шанса за економски развој, реков и на поедини региони надвор од Скопје. Се разбира, ние ќе се обидеме, или се обидовме со овие амандмани кои што во име на пратеничката група на СДСМ ги поднесовме и ги дискутираме денеска да укажеме на лажната политика што се води од една страна на лажната политика што се води од страна на оваа Влада, а од друга да апелираме на поголема гласност и на приватниот сектор и на локалната самоуправа тие да се вклучат во имплементацијата на овие центри, да не остане програмата да биде напишана само од страна на Министерството за образование и наука, туку навистина да се направи еден концепт кој што ќе биде лесен за имплементирање и ќе биде остварлив за развојот во Република Македонија.

На крај, уште еднаш да констатирам она што го згоруваме подолг период овде, не гледам ама баш никаква оправданост за огромни попусти на странските компании кои што доаѓаат, кои што своите производи ќе ги извезуваат и многу малку пари ќе останат во Република Македонија. Со помагање на цела инфраструктура ние им градиме комплетна инфраструктура на тие компании да дојдат. Но, ве уверувам дека 30% од Буџетот за еден проект, или за вложување во еден центар за информатички и комуникациски технологии ќе биде многу попродуктивен и поплодотворен отколку масовните вложувања што ги правиме за некои компании кои што доаѓаат со сите привилегии што ги добиваат од страна на Владата. Но, тоа е политика на оваа Влада да ги форсира непознатите, да го форсира незнаењето на сметка на домашниот квалитетен кадар кој што се обидуваме многу години наназад да го задржиме во Република Македонија. Затоа многу попатриотски во овој момент ако сакаме да зборуваме за Република Македонија е да го гласаме овој амандман, амандман кој зборува за давање шанса на младите квалитетни кадри да имаат услови да останат во Република Македонија и тука да придонесат за развојот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Сакам само да потенцирам за што тоа оваа Влада не сака да оддели средства од Буџетот. Во овој историски најголем Буџет во Република Македонија Владата нема волја да оддели средства за стечајните работници, нема волја да се одлучи и да го прифати Предлог законот на СДСМ за намалување на даноците за нафтените деривати, нема волја да исплати фиксна и утврдена цена за откуп на тутунот, нема волја да прифати ослободување од данок на добивка за стопански и правни субјекти кои што ќе основаат истражувачко развојна единица, а кои што ќе овозможат вработување на најмалку пет научни кадри од кои што барем тројца магистри кои што се невработени во овој момент, или неангажирани во високо образовните институции, нема волја да ослободи од данок на добивка иновациски центри од секоја иновација која што ќе се применува во првите пет години од нејзиното промовирање, нема волја да ослободи данок на добивка за продавање, или за изнајмување на технологии и информации надвор од земјата, а нема волја дополнително да ги стимулира научно технолошките паркови. И на крај нема воопшто желба да стимулира формирање на центар за информациски и комуникациски технологии, а од друга страна слушаме колку е оваа Влада детерминирана и определена за развој на информатичкото општество во Република Македонија. Само можам да заклучам дека ваквата политика на Владата е една фарса и дека сите оние кампањи што се спроведуваат и сите оние јавни набавки кои што се распишуваат и се реализираат, мислам само делумно се само изговор за перење на пари и за богатење на Груевски и на неговата фамилија. Вака нема развој за Република Македонија, ниту пак има поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам на гласање амандманот, ве молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата затоа што не очекува гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Амандаманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 8 гласале за, 1 воздржано, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазаров:** Овде се предлага додавање на нов став на член 26 каде што се предвидува за

доделените средства за технолошки развој Министерството надлежно за технолошки развој да склучува договор.

Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман. Според тоа, текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазаров:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер, доколку сакате би ценел да дадете едно образложение зошто не го прифаќате овој амандман. Значи во членот 27 е дефиниран начинот на финансирање на развојните проекти. Ние предлагаме во последниот став да стои: одобрените финансиски средства за реализација на позитивно оценетите проекти за кои постои решение од министерот се исплаќаат во целост со завршување на тековната фискална година.

Почитуван заменик министер, овде дебатиравме пет дена за Буџетот, особено кулминација достигна онаа фамозна одлука за прераспределба на буџетски средства која што не ја крстивме ребаланс, околу 20 декември 2007 година во кои што на научните институции им беа одземени средствата од нивните сметки од страна на Министерството за финансии кои што веќе беа доделени од страна на Министерството за образование и наука, а со нив потпишани договори за реализација на научно истражувачки проекти. Тоа е недопустливо. Значи, тоа е аномалија која што треба коренито да се пресече па без разлика кој е на власт, или ќе реализирате една програма, или нема да ја реализирате. Нема средина. Ќе ја реализирам, ќе потпишам договор, ама пари на куково лето. Средствата треба да се исплатат до завршетокот на фискалната година, бидејќи луѓето кои што ја реализираат програмата која што претходно сте ја усвоиле, сте ја одобриле, сте потпишале договор со нив, потрошиле средства за реализација на истата, тие ги чекаат тие пари. Не може одложено. Истото го правите и со студентите.

Потпишавте за студентско стипендирање кредит со 1500, со 2000 студенти, еве го април месец ќе дојде уште немате почнато со исплата на студенските кредити и стипендии. Тоа е недозволиво. Или сте Министерство, или работете како што треба или воопшто не потпишувајте обврски. Кажете ми со еден збор образложение, добро знаете научно истражувачки работник сте какви се не маки еден главен истражувач ќе биде ако реализирал поголем дел од проектот, купил опрема, одел на конференции во странство за презентирање на резултатите, публикувал, се задолжил институцијата или не знам кој, а средствата не доаѓаат од Министерството. Само субјективно може да не дојдат. Објективно тие средства постојат и се дефинирани во Буџетот. Само субјективно не можат да не дојдат. Ако се двегодишни проекти во решението има за прват година колку следуваат, за втората година или за завршетокот на проектот колку пари следуваат. Средствата, па затоа јас сум напишал во амандманот, одобрените финансиски средства, средствата кои што ги одобрил министерот во решение не е некој кој што ги бара надвор од Одлуката. За реализација на позитивно оценети проекти за кои постои решение од страна на министерот за исплата, да му се исплати. Ништо нема ерес во ова. Само да се отстрани субјективизмот на оној кој што е на чело на Министерството за образование и наука. Со закон ќе може некој да го гони ако не го почитува законот, бидејќи им текнува често пати на министрите да не го реализираат она за кое што потпишале. Тие се обврзани по закон да го реализираат тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Иванов Љубисав Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Со внимание го слушав почитуваниот Герамитчиески Тале, но не можам да го разберам смислата на амандманот. Средства се исплаќаат за извршена работа. Еден проект може да трае една година, ако тој не се доврши во текот на годината, не може сите средства да се исплатат. Значи ќе се исплаќаат онака како што се завршува проектот и обемот на проектот како што се совладува. Според тоа, ако однапред се исплатат средствата, нема гаранција дека проектот ќе биде завршен. Мислам дека амандманот вака како што е предложен нема логика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Герамитчиоски, вашите 60 секунди. Ова беше реплика.

**Тале Герамитчиоски:** Не реплика, барам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Во ред, имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван Љубисав Иванов, техниката на реализација на проектите е малку поспецифична и бара дополнително објаснување. Кај развојните проекти нема пари за лични доходи внатре. Средствата од Буџетот се одобруваат за материјални трошоци, за патувања, и за набавка на опрема, софтвер и друга помош на литература која што е неопходна за реализација на проектот. Нема за извршена работа да ја изврши работата, па потоа да добие

личен доход. Не се од таква природа овие проекти. За да се реализира, за да се купи опремата треба да се префрлат пари. Не може да се реализира проектот ако нема материјална подлога која што ја усвоил министерот со соодветна процедура. Сето тоа му е признато дека тоа треба да се реализира. Е, сега, да, има едногодишни и двогодишни проекти. Но, ако е двогодишен проектот, во самото решение е напишано за првата година колку средства следуваат и за втората година остатокот на средствата кои што се усвојуваат како завршен буџет за тој проект. Главниот истражувач доставува годишен извештај до Минисерството кој што претходно поминува на наставно научен совет и се верификува од страна на претставникот на институцијата на деканот на факултетот со печат, со потпис од овластено правно лице. Значи, тука не станува збор за начин на злоупотреба на парите по било кој основ. Долгогодишната пракса почитуваниот колега го знае тоа дека сите ние сме се соочувале од субјективизам со ненавремено дистрибуирање на средствата. Тоа се случи и со последниот ребаланс кој што сега беше во 2007 година во декември. Парите им беа префрлени на факултетите за проекти одобрени и Министерството за финансии им ги одзеде.

Овде Министерот Трајко Славески објаснуваше дека немале време да распишат тендер за 7 дена за не знам кои тендери, кога тие се средства минормни. Тие можат комјутер да купат или некој софтверски пакет, програма или литература и толкави се средствата. Тие не се кој знае колку големи. И уште повеќе, лицемерието е толку големо што за нив нема време за да се распише тендер, а со еден потег, сега да не ве потсетувам, 10 милиони евра се земаат од Министерството за одбрана, 10 милиони се фрлаат на Министерството за внатрешни работи, за 7 дена ги потрошија тие пари. Не знаеме како, ама ајде, тоа е од државен интерес. Две цркви во Буџетот пишува дека ќе се градат. Каде се тие средства, дали има тендер за тие средства. Мислам дека ова е во функција на заштита на факултетите и истражувачите.

Многу често факултетите за да се реализира проектот со соодветната динамика трошат средства од сопствени извори. Го субвенцираа главниот истражувач за да не дојде до застој на проектот и тие парите ги очекуваат. Ако им дојде главен ревизор да изврши ревизија ќе им стави забелешка зошто средствата се трошат за нешто за кое што постои друг извор на финансии. Значи, амандманот е многу реален и ги спречува манипулациите кои што во минатото, јас не велам дека само оваа Влада во изминатите не знам колку години наназад се случувале исти работи и ако веќе се одобри, вие како директор на еден комбинат ако дадете решение за некого дека треба да се исплати нешто, некоја фактура, таа не може да ја закасните. Тогаш, ќе дојде до смешна ситуација, главните истражувачи да одат на суд и во граѓански парници да го тужат Министерството односно државата за нешто кое што е потпишано дека ќе се реализира до таа година, не е остварено.

Од тие причини е даден амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господин Иванов Љубисав Ѕинго.

Повелете имате три минути.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Јас се извинувам што го мачам Тале Герамитчиоски да излегува на говорница, ама не може да биде проектот само да се состои од набавка на опрема. Има проекти каде што се вложува трудот, знаењето, креативноста, творештвото итн. Има проекти каде што се потребни временски периоди за да се совлада една таква работа. Според тоа, ако тоа се однесува само на опрема, а тоа не е случајот во Законот, јас можам да прифатам едно такво образложение. Но, бидејќи проектите се од најразлични видови, според тоа често пати може да има и злоупотреби во користењето на средствата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи, нема повеќе пријаени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата. Во меѓу време нека исчекаат една до две минути службите. Ве молам, исчекајте една до две минути додека влезат пратениците.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не се во собраниската сала, да влезат затоа што треба да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да можеме да гласаме.

Во Собранието има огромен број пратеници. Ги молам да влезат во салата, за да можеме да гласаме.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, зашто сме пред гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 6, воздржани нема, против гласале 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 30, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Владата  го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Горгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа, овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има забор господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Јас не ја разбирам вашата нестрпливост. Само една минута, да го кажам ставот од името на СДСМ. Со жалење можам да констатирам дека има големи промашувања во осмислувањето на овој закон, бидејќи овој не е закон за потикнување и помагање на технолошкиот развој, овој е закон за технолошки развој. Потикнување и помагање не видовме ништо и затоа мислиме дека законот е само едно мртво слово на хартија, без некоја посебна можност за ефектуирање на развојот на земјата со негово имплементирање.

Од тие причини  ние ќе  гласаме воздржано за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 57, воздржано 6, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе  Законот за потикнување  и помагање на технолошкоит развој.

Одредувам прекин  до 14, 50 часот, за ручек.

(По паузата седницата продолжи во 15,20 часот)

**Благој Зашов:** Колеги пратеници, продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесувањена закон за научно истражувачка дејност, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за образование и наука.

Повелете господин заменик министер.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Еве после овој Закон кој пред малку го усвоивме, Закон за технолошки развој, ова е последен закон од групата закони за високо образование, научноистражувачка работа и технолошки развој. Сите овие закони се во функција, се во корелација и се усогласени меѓу себе и овој закон како и претходните два закони кои што ги споменав се предвидени со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и со него се врши усогласување со законодавството на Европската унија и со него се создаваат услови за учество во програмите од областа на науката.

Оттаму, причините за донесување на овој закон е потребата да се донесе правна рамка со која ќе се регулира научно истражувачката дејност, субјектите за вршење на научно истражувачката дејност, формирање на Национален комитет за развој на научно истражувачката дејност и технолошки развој, како советодавно и експертско тело на Владата за политиките на науката и развојот на севкупната научна дејност на Република Македонија, формирање на Совет за научно истражувачка дејност како стручно советодавно тело на министерот, формирање на Одбор за етичност, прогласување на научни центри за извонредност, ова е прв пат да се прогласуваат вакви центри во Република Македонија, обезбедување квалитет во научно истражувачката дејност и формирање на бази на податоци.

Донесувањето на овој закон ќе значи активно вклучување на науката во остварување на целта за континуиран економски развој односно претпоставува добро планирање на насоките на развојот и обезбедување услови за ефикасно искористување на сите ресурси особено на човечките ресурси.

Модернизацијата и унапредување на научноистражувачката дејност и обезбедување на интегрирана истражувачка политика од причини што поставеноста на науката во нашата држава не кореспондира со нејзината поставеност со земјите во Европа и во развиениот свет.

Со зголемување на конкурентноста меѓу научноистражувачките установи, подигнување на квалитетот на нивната дејност и насочување на темите на научните проекти кон реалните потреби на општеството со закон се уредува избор на научен центар на извонредност кој по својата оригиналност, значење и актуелност на постигнатите резултати на научноистражувачката дејност спаѓа во редот на најквалитетните установи или групи научни работници во светот во рамките на своето научно подрачје.

За работата на субјектите на научноистражувачката дејност согласно со етичките начела и вредности се уредува основање на Одбор за етичност кој ќе ги следи и оценува: примената на етичките начела и вредности во научно истражувачката дејност, заштита на човечкиот интегритет во научните истражувања и етичност во деловните односи помеѓу субјектите за вршење на научно истражувачката дејсност и слично.

Овој закон е усогласен со Законот за високо образование, научните звања кои се предвидени за научните истражувачи се усогласени со наставно-научните звања на универзитетите во Република Македонија.

Предложено е овој закон да се донесе во една фаза. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани пратеници.

Значењето на законот за научно истражувачка дејност е еквивалентно на значењето на Законот за високо образование кој што ја третира проблематиката во сферата на високо образовната дејност, а научноистражувачката дејност треба институционално или правно рамковно да ја уреди овој закон.

Дозволете во кратки црти општо да  поставам некои дилеми дали успешно постоечките проблеми или аномалии во сферата на научно истражувачката дејност ќе ги реши овој закон.

Еден колега даде една многу интересна сугестија за која што искрено да ви кажам и кај мене предизвика дилема и можеби треба да се размисли. Законот е за научно истражувачка дејност во некое толкување научно истражувачка дејност го исклучува правото на институцијата да врши самоистражувачка дејност, значи е поврзана само со научна област во која што се истражува, а не мора да значи дека некоја институција ќе врши истражувања, кои што се поврзани со некоја научна област. На пример Институтот за социолошко-правни истражувања или било кој врши постојано анкети кои што се однесуваат на политичките партии, кои не се директно поврзани со некоја научна област, се разбира дека секогаш може да се најде некој  изговор, да се каже тоа е во делот на статистиката или во социолошките истражувања, но интересна е забелешката во која што досега искрен да бидам и мене не ми паднало напамет дека можно е некоја институција да прави истражувања, а да не може за тие истражувања да конкурира пристапно во одредени фондови за да може да ја обави  таа дејност  бидејќи е директно поврзана областа со научна област. Така и законот ја третира таа проблематика.

Заменик министерот ги кажа новите форми кои што се дефинирани и тука нема некоја поголема забелешка. Се плашам дека наликуваме на земја во која што законите ги надминуваат реалностите. Значи, ако направиме една анализа на реалната состојба во сферата на научно истражувачка дејност ќе добиеме поразителни податоци што е одговор не само на оваа Влада туку и во минатото сите ние кои што сме биле одговорни за развој на оваа дејност.

Прва невралгична и основна проблематична точка е финансирањето. Секогаш е недоволно, не само што недоволно средства се издвојуваат туку сме доаѓале до состојби во кои што ни било сугерирано во блага форма, а некогаш и во пишана форма во документи дека треба финансирањето да се врши со процентуален износ на бруто домашниот производ на државата односно со процентуален износ од Буџетот. Тоа е основен предуслов Република Македонија да влезе во Јуропијан срч ерија, значи за да може да конкурира на соодветни проекти од следната рамковна програма или да го подигне нивото на партнерство со Европската унија. Меѓу другото на неколку министерски конференции е дадена забелешка за сите балкански држави кои не третираат во еден кош “Вест Балкан Кантрис”, дека мора да се усогласи легислативата во која што финансирањето мора процентуално да биде во однос на ЈДП. Или тие сугерираа една фантастична висока бројка која што ние  ни на сон не можеме да ја достигнеме од 3%. За жал, во изминатите години сите ние и не сме направиле нешто многу за да ја зголемиме таа бројка, се знае  дека во програмата за наука седум, околку 220-240 милиони денари е бројката која што со години наназад сме паѓале под таа бројка, а никако не сме се кревале нагоре иако потребите на државата од научно истражувачките работници и за директни учества во владини проекти нараснале.

Вториот проблем е нетранспарентноста во давањето на средствата. Значи со години наназад е така и за тоа зборувавме и по Програмата за технолошки развој, ќе се обави еден конкурс за научноисражувачки проекти, ќе конкурираат индивидуални истражувачи преку своите иститицуии, заради мир во куќата ќе се поделат средствата на одредена групација од 30-50-100 проекти со суми од 150 до 180 илјади денари за двегодишни истражувања, кои се навистина смешни бројки. Кога ќе им ги кажеме на нашите колеги со кои во Темпус проектите и другите истражувачки проекти заедно учествуваме, не можат да поверуваат, едноставно на кој начин се функционира. Најчесто тие средства од субјективни причини, и покрај тоа што се малку, несоодветно се делат на одделни области од сферата на науката, или се фаворизираат одредени области во зависност во тоа

министерот какви притисоци прима или од која област доаѓа. Ова го велам не да сватите дека критиката ја насочувам кон вас и сегашната Влада, туку ги отсликувам состојбите кои се тука. Големиот проблем е прашањето на ефикасноста на проектите кои ќе се реализираат. Колку Република Македонија видела бенефит од проектите кои што биле изработени. Ние барем се обидовме да ставиме една клаузула во договорите во кои мораше главните истражувачи после изработката на проектите да ги бранат јавно пред една Комисија од Министерството и пред своите колеги. Ни тоа до тогаш не беше присутно. Значи, проектите постоеа сами за себе. Некои од проектите беа одлични и жалосно е што не беа применетети од страна на Република Македонија која ги финансирала ниту некој се заинтересирал за резултатите на тие проекти, ниту некој побарал тие истражувања да се стават во функција на развој на државата.

Најголемиот проблем со кој јас лично сум се соочил, а не гледам напредок ни кај оваа Влада е од петни жили да се настојува да се воспостави една нормална корелација меѓу Владата, министерствата и Министерството за образование и наука кое ја има базата на главните истражувачи и истражувачките институции. Да бидам попластичен во објаснувањето. Министерството за економија има некој проблем во Пробиштип со некое свлечиште или не знам што, потребна им е услуга од научните институции. Никогаш не ги користи услугите на Министерството за образование и наука, кое треба да биде линкот бидејќи ја има базата на податоци за сите истражувачи и институции кои можат да одговорат експертски на таа проблематика. Сами си земаат кој што ќе им притреба, никако не може авторитетот на Министерството за образование и наука да се подигне, ако свесно или од Владата се заобиколуваат природните конекции кои треба да се случат. Треба да се знае кој е нарачател, кој е извршител и кој е врската меѓу нарачателот и извршителот. Тоа за жал, ни во законот не ги обезбедува соодветни облигаторни односи меѓу Владата и министерствата и Министерството за образование и наука како матична институција која што траба да се грижи за оваа дејност.

Во постојните решенија се дадени добри предлози. Јас внимателно го прочитав тоа. Воведена е една нова форма на центри на инзвонредност, центарот во екселанс и тоа е за поздравување, бидејќи нашиот народ не е свесен какви институции постојат во Република Македонија, кои во меѓународни рамки имаат многу висок рејтинг, а во Република Македонија јас сум сигурен ако направите анкета 95% нема ни да знаат дека постои, на пример, Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија, кој одржува курсеви ширум светот, на секаде се повикувани стручнаците каде што има трусно подрачје, но во Република Македонија ниту сум слушнал дека некогаш се наградени, ниту некогаш се подигнати на повисоко ниво на кое ќе се разграничат од другите институти.

Затоа, почитуван заменик министер, ја поздравувам оваа одредба во законот во која се прави дистинкција меѓу одредени научни институции и тоа е за поздравување, со надеж дека нема да се злоупотреби, бидејќи ние сме мајстори за злоупотреба. Ќе се внесе одредба во законот за предвремен избор во звања, како што е и овде и сите по краткиот пат, без забелешки, да поминат две ипол години, веднаш се пријавуваат во повисок степен на звање. И така си имаме безброј примери во кои што луѓе - добив одговор впрочем и од вашето Министерство за пратеничко прашање - кои што докторирале во една година, по две години ги поставуваат директори на високи школи, иако не му се нострифицирани уште дипломите. Едноставно кај нас нема ред. Се надевам дека барем кај научно истражувачките работници ќе постигнете некој ред. Голем проблем е како, малку излегува од темата, но како научните работници да го остваруваат правото на мобилност. Нема министерска конферанција во која што не се инсистира на мобилност или размена на научно истражувачки потенцијал, кадар со другите држави. Нашите сироти научни работници маки мачат како да извадат виза. Декларативно во Република Македонија стои дека има визно олеснување, јас ви кажувам дека тоа не е баш така. Министерството за образование и наука има база на податоци, ќе се поврзете со сите амбасади во кои што ќе побарате да бидете вие медиумот на комуникација на научните работници за да можат во олеснителни околности да добијат виза. Ако остатокот е во некое гето, тогаш барем со оние со кои што се гордееме во научната или во културната фела да имаат навистина олеснат визен режим. Базата на податоци која ја имате да ја ставите во функција на работа на амбасадите и при тоа ова прашање да го издигнете на ниво на Влада, да побарате Министерството за надворешни работи да има поагресивен пристап кон другите амбасади кога треба да се реализира либерализација на визниот режим за научните работници. Истото е и со младите научно истражувачки кадри, голем дел од нив добиваат стипендии за едукација втор и трет циклус во странство. Проблем се научните институти или високо образовните институции.

Прво, од добра волја е, самиот Закон за високо образование во тој дел е ригиден и мене ми е жал што не успеавме тука да направиме еден исчекор повеќе. Се дозволува до година дена платено отсуство, иако во реалноста со Болоњската декалрација, многу лесно е да се оцени дека е невозможно во рок од една година да се извршат такви истражувања или доедукација за професионално напредување.

Јас толку имам по однос на општиот текст. Амандманите кои што ги предложивме иако навидум изгледаат бројни, јас ценам дека

повеќето се од техничка природа што имавме за цел да го подобрат законот, онаму каде што сметавме дека се направени ненеамерни пропусти и допрецизирања. Се надевам дека ќе има разбирање од страна на претставникот на Владата, со цел да се подобри текстот на законот да бидат усвоени поголем дел од нив. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Денеска дискутираме за еден закон што е еден од оние закони кој што го носат европското знакче, и за кој што се надеваме дека ќе може да придонесе за подобрување на научно истражувачката дејности или на оние што се занимаваат со научно истражувачката дејност во Република Македонија.

Меѓутоа да бидам искрена, јас не очекувам дека имплементацијата на овој закон може нешто драстично да смени во односот кон научно истражувачките работници, заради тоа што се покажа во изминатите 18 месеци додека ВМРО-ДПМНЕ е на власт, приоритети се други прашања во Република Македонија. Приоритет единствен е исполнувањето на моменталните лични желби на премиерот Груевски, без разлика кој ќе биде опфатен и какви последици ќе имаат од тоа сите оние кои не се опфатени или кои што имаат други консеквенции од таквата негова желба. Зошто го зборувам ова?

Непосредно пред Новогодишните празници минатата година, ни беше доставен еден предлог за пренамена на средствата кај буџетските корисници во вид на Предлог одлука, каде што се предлагаше еден добар дел од средствата да бидат пренаменети и тоа земени од оние клучни ставки во Буџетот кој што се однесуваа на реформи во Судската администрација, борбата против корупција и организиран криминал и т.н. и еден огромен дел беа одземени од делот во образованието од рекострукција на студентски домови, реконструкција на ученички домови, надградба на универзитетски библиотеки и т.н., од научно истражувачка работа исто така, меѓутоа во функција на префрлување на средства на Министерството за внатрешни работи, што требаше да искористи и да потроши за само 10 дена 10 милиони евра, за купување на автомобили и друга опрема. 12 милиони денари за економска промоција на Владата на Република Македонија, читај, кампања која ќе го велича премиерот Груевски, 18 милиони денари за купување на мебел, опрема, возила и машини, во Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија, за да можат премиерот и министрите да одат низ селата и градовите низ Република Македонија, или пак само да имаат изговор за перење на пари, овие пари да одат во џебот на Груевски и неговата фамилија, да не зборувам за други разни трансфери во делот на Министерството за финансии, за кои што никој од нас не знае каде отидоа тие огромни средства на пари, а станува збор за 342 милиони денари на едната ставка, 200 милиони илјади денари на другата ставка и 45 милиони денари на третата ставка.

Значи, приоритетот во Република Македонија не е научно истражувачката работа, не е финансирањето на образованието, не е помагање на технолошкиот развој, заради тоа што само неколку дена или 20-тина дена пред истекот на фискалната година од сметките на факултетите без никаква најава беа одземени средствата кои што на факултетите им беа доделени за научно истражувачката дејност. И тоа сите оние преостанати средства кои што веќе им биле префрлени, кои што научните работници на факултетите ги планираат да ги искористат до крајот на годината за кои веЌе имаше распишано тендери за набавка на техничка опрема која ќе беше во функција на вршење на научно-истражувачка работа. Тоа не беше приоритет за Владата на Груевски, напротив приоритет беше купување на мебел и опрема за МВР, за прислукување не само на опозицијата туку и на власта, за економска промоција на Владата, за кампањи и т.н. и тоа, повторно ќе нагласам, без никаква најава од страна на факултетите. Од Природно-математичкиот факултет беа одземени 3.000.800 денари, од факултатот за Електротехника и информатика 2.000.840 денари, од Машинскиот факултет 1.300.000 денари, од Технолошко-металуршкиот факултет 1.300.000 денари и т.н. Истото се случи и со научните институти. Оваа Влада ги остави високо-образовните исntитуции и научните иснтитути без средства кои им следуваат и кои можеа и имаа право да ги користат до крајот на фискалната година. Тоа е политиката на Владата во научно-истражувачките дејности и во високо-образовната дејност.

Трагедијата да биде уште поголема, во фискалната 2007 година оние договори кои беа склучени со Министерството за образование и наука, а кои требаше да дојдат на факултетите до 31.12. за меѓународни проекти, воопштоне беа стигнати на одредени факултети. Бидејќи тоа се случуваше и пред крајот на фискалната година, тие средства воопшто не ни стигнале заради тоа што едно од образложението на министерот за финансии, во бранењето на ваква Предлог одлука е дека наводно нема време кога да се искористат тие средства, па зошто кога до тогаш не ги префрлиме, воопшто би ги префрлувале, тогаш кога немаат време да ги искористат.

Конкурсот од Министерството за образование и наука за научно истражувачки проекти распишан во јули 2006 година беше поништен заради,

наводно, ненавремено спроведена процедура за селекција и рецензија и тоа е вина на Министерството за образование и наука, не е вина на научно истражувачките работници. Меѓутоа заради ваквата несериозност научно истражувачките работници останаа без средства за научно истражувачка работа за 2007 година. Значи конкурсот се поништи во јули 2006 година, а нов се распиша во октомври 2007 година ии процедурата сеуште траеше до пред новогодишните празници. Значи една година многу умешно Владата на Груевски го прескокна финансирањето на домашните научно истражувачки проекти, од друга страна се соочуваме со кампања дека знаењето е моќ, дека треба да се инвестира во знаењето, меѓутоа тоа е само параван за јавноста и за граѓаните и само декларативна загриженост за тоа што треба да се случува во Република Македонија. Фактите од дејствувањето на Владата на Груевски зборуваат нешто поинаку, нешто сосема поинаку. Приоритетите на оваа Влада не се ниту образованието, ниту науката, ниту компјутерите за секое дете. Приоритет на оваа Влада на Груевски е создавање на можности за побрзо богатење на фамилијата на Груевски и поумешно крадење на буџетските средства од граѓаните на Република Македонија, со тоа што се прераспоредуваат со незаконска одлука за која ова парламентарно мнозинство има одговорност за прераспределба. За 10 дена се трошат милионски суми пари и тоа во евра, само за да се задоволат нечии лични апетити од личното опкружување на Груевски. Тогаш се соочувавме со небулозни аргументи дека некои средства биле одземани заради тоа што временските услови оневозмоувале некои грдежни активности до крај да се реализираат, од друга страна ни се предлага градење на цркви секаде каде што тоа е можно и покрај тоа што Република Македонија е секуларна држава и согласно Уставот од Буџетот треба да се одвојуваат средства за нешто сосема друго, а не за таа намена. Значи, средствата наместо да отидат кај научно истражувачките работници отидоа во приватните џебови на фамилијата на Груевски, во 12 спота кои ги стимулираат граѓаните да учат на факултетите, да се дообразуваат, стручно да се усовршуваат на истите оние факултети на кои Владата им ги одзема средствата без никаква најава само за д аможе да ги користи за приватни цели. За тоа оваа Влада не ја доби довербата. Оваа Влада ја доби довербата да ги решава проблемите на граѓаните. Меѓутоа, Груевски се однесува многу чудно, веднаш штом ќе се појави некаков поголем проблем. Груевски го игнорира проблемот и мисли дека со тоа што ќе го игнорира, проблемот сам од себе ќе престане да постои. Така се однесуваше по прашањето за меѓуетничките односи, го игнорираше влијанието на ДУИ за подоцна да седне со ДУИ и да направи мајски договор кој стана дел од критериумите што Република Македонија треба да ги исполни за членство во НАТО и Европската унија. Отвори фронт со ДПА и го игнорираше незадоволството на ДПА додека тоа не колуминираше и додека не дојдовме до ситуација ДПА да ја напушти Владата фингирано во најтешките моменти за Република Македонија и ...

**Благој Зашов:** Госпоѓо Грковска многу долго зборувате надвор од темата. Ве молам држете се до темата.

**Славица Грковска:** Со тоа само се покажува дека оваа владеачка коалиција воопшто не е заинтересирана за националните интереси на Република Македонија. Оваа владеачка коалиција не ја интересира државниот интерес туку само личниот интерес. Ако беше поинаку, тогаш односот спрема овој закон и спрема претходниот Закон ќе беше сосема поинаков. Тука имавме сериозна дебата за оние амандмани кои не беа прифатени заради кои заменик министерот за образование не ни имаше мандат да го прифати, меѓутоа, ако Владата сметаше дека треба да биде достојна на своите кампањи за образованието, ќе дојдеше со свој претставник тука, дали Ставрески, дали министерот за финансии, во оној во кој Груевски има доверба, да образложи и да каже зошто оваа Влада не сака да дозволи дополнителен финансиски стимул за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, зошто не сака да дозволи отварање на можности за вработување на млади научни кадри кои реално не можат да бидат опфатени во системот на високото образование и научните институции. Работата е уште посериозна ако се има во предвид фактот колку млади луѓе, колку такви млади таленти кои завршиле на нашите факултети, ја напуштаат Република Македонија и ние место да ги користиме сите можни механизми преку овие закони кои не се комплетно решение, да ги врземе младите научно истражувачки кадри да останат во Република Македонија. Ние повторно препуштаме се на случајот. Трагедијата да биде уште поголема, ние ниту ја знаеме точната бројка на млади кадри кои ја напуштаат Република Македонија, ниту пак знаеме на кого можеме да сметаме и какви се механизми можеме да направиме за да ги привлечеме да се вратат назад во Република Македонија, а можат да се вратат назад до колку отвориме простор за вработување на факултетите, на научните институти и до колку отвориме можност преку соработка во стопанството, на отварање, на продуцирање научно истражувачки проекти каде ќе ги ангажираме научно истражувачките кадри, младите таленти, за да инвестираат во развојот на Република Македонија. За тоа можеме да ги користитме и проектите од европските фондови, меѓутоа прашање е на добра организираност на владините имституции, на Министерството за образование, како ќе се направи тоа и како ќе се организира идното ангажирање во ваквите проекти.

Еден од примерите кој сакам да го посочам, за кој пишуваа и медиумите е еден млад научник, прогласен за млад научник на годината кој сеуште чека на вработување. Беше објавен во еден од неделниците. Се работи за госпоѓата Софија Гранбаковска. Јас лично не ја познавам , меѓутоа се надевам нема да ми замери што го земам нејзиниот пример за да покажам каков е односот на државата спрема младите научни кадри, особено спрема оние млади научни кадри што самите оние сме ги прогласиле за научни кадри на годината. Да се соочиме со случај во кој научен кадар прогласен за млад научен кадар на годината сеуште да биде невработен, само зборува во каква сериозна ситуација се наоѓаме ние како држава. Ако ние не инвестираме во тие кадри, ако не им пружиме можност за ефектуирање на нивното знаење преку ангажирање, меѓу другото и во вакви научно истражувачки проекти, тогаш јас не знам како можеме да зборуваме за инвестирање во иднината и инвестирање во развојот на Република Македонија.

Јас нема да престанам да зборувам од оваа говорница додека не ги убедам сите дека развојот на една држава се заснова на развој на образованието и на науката и дека единствената исплатлива инвестиција во секоја држава е инвестицијата во образованието и во науката. Со тоа Република Македонија може само да добие, никогаш нема да изгуби. За тоа никогаш не се доволно средства во делот за образование и наука. Јас се надевам дека ќе имаме можност во иднина да разговараме за уште поголем буџет во делот за образование и наука, меѓутоа не смао за плати и за нови вработувања, за одделување за плати по 1.000 евра за професорите во Универзитетот во Штип, само заради тоа што се кадри на ВМРО-ДПМНЕ, туку напротив распределба на вуџетските средства на вистинските места каде што навистина подоцна ќе имаат импакт во развојот на државата. Се дотогаш останув амртов збор на хартија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

За реплика се јави господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам потпретседателе, почитувани претставници од Министерството за образование, колешки и колеги пратеници,

Има една класика од литературата, од Марсел Брускеј и се вика “Во потрага по изгубеното време”.

Оваа дискусија на колешката Грковска ми личеше само на тоа, како некаква жал или еламентација над изгубеното време за имплементација или за воведување на реформите во образованието.

Едно од најблагодарните прашања е да прашам и поранешен претставник на Парламентот, поранешен пратеник, што направивте вие во изминатиот четиригодишен период.

За само месец и пол дена, или уште во текот на 2007 година во собраниска процедура стигнаа три фундаментални закони од областа на образованието и науката: Законот за високото образование, за технолошки развој и овој закон за научно истражувачка дејност. Ни збор за тоа зошто од 2002 до 2006 година во најажурното време на европската унија за вовед на земјите од Западниот Балкан преку програмата ЕРА Вест Балкан за вовед на Македонија, Србија, Хрватска, Албанија, Црна Гора во заедничкиот европски истражувачки простор и европскиот начуен простор не е направено имплемантација и реформа од областа на високото образовнието? Зошто не е искористена белеволентноста, добрата намера на Еврокомесарот за образование и наука од Словенија Јанез Поточник на Министерскиот самит од Брисел во февруари 2005 година, кога фактички Македонија, Хрватска и Србија добиваат зелено светло за што побрзо имплементациа на реформите во обрзованието и науката, но и донесување на законска регулатива која што ќе ги помогне добрите политички одлуки за побрз влез на Република Македонија во оваа групација. Ланската година Македонија заедно со Хрватска иСрбија влезе во Седмата рамковна научно истражувачка програма но без реформи, без донесување на нови закони од овие области. Хрватска го направи 2003 година со Законот за високо образование и научно- истражувачка дејност, Србија уште 2005 година.Значи наместо да ламентираме над изгубеното време зошто, дури беше време, не го направивме тоа, почитувана колешке Грковска.

**Благој Зашов:** Благодарам, господине Шутаров.

Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Жал ми што не сте иформирани или не сакате да бидете информирани дека реформите во високото образование ги направивме во претходнит мандат, а што се однесуваат на Болоњската декларација, на примената.

Меѓутоа господине Шутаров вие не ми одговоривте за кражбата што ја направивте, на средствата за научно-истражувачка работа пред нова година, кога без никаква најава ги одземавте од факултетите, а точно беа наменети за нив, за научноистражувачките работници. Дали се доведовме во ситуација да крадеме од научно истражувачките работници за да можеме да инвестираме во купување мебел опрема и машини во Министерството за внатрешни работи, опрема со кола што ќе може да се прислушкува или пак да ги задоволиме апетитите на Груевски за промоција и кампањи за неговото име и презиме. На тоа да ми одговорите. Дали тоа е навистина инвестиција во високото образование и во научно истражувачката дејност?

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

За збор се јави господин Сафет Незири.

Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, господине заменик министре,

На дневен ред е Предлогот на закон за научно истражувачка дејност, што уште во стартот се забележува дека покрај тоа што има свои слабости и недоречености, потребно е да се донесе и навистина да се определат некои прашања во оваа област, научно истражувачката дејност. Но, нашата забелешка, како парламентарна група, ние стоиме на тоа дека зошто со овој закон се оди во скратена постапка. Зошто законот, на пример, да не оди во две фази, при што, многу закони каде што се говори за еден нов закон, зошто да не се консултираат научниците, универзитетските академици, лицата од МАНУ, разни научни институции, приватните универзитети итн.

Мислам дека едно од клучните прашања беше секоја установа да го каже своето мислење, со цел овој текст да биде поприфатлив и поквалитетен. Во таа насока, бидејќи се работи за легислатива на Европската унија и не случајно мојот говор е во оваа насока да изнесам забелешки или сугестии за ова, иако во текот на работата на Комисијата за образование и наука веќе искажав некои амандмани, со што мислам дека, со некои нешта или некои елементи треба да се изменат.

Ние се занимаваме со голема политика во насока на подобрување на текстот за да донесеме еден ваков закон. Но, секогаш на работите треба да им пријдеме во самата основа или да почнеме од темелот, па да одиме напред.

Зошто велам дека ние носиме закон или претендираме да донесеме закон со што е можеби многу идеално и соодветствува на некои научни и истражувачки одредби во однос на важешките прописи во Европската унија. Но, од друга страна, земено во целина, образованиот систем во Република Македонија е беден. Ние говориме за универзитети, за научно истражувачки институти, но не гледаме во каква состојба се, почнувајќи од основните училишта, па средните училишта, а тоа можеби многу помалку е симптоматично на универзитетските и постуниверзитетските студии.

Да не ги повторувам сите работи, но добро е телеграфски да ви укажам дека имаме училишта, што почнувајќи од основното образование, покрај тоа што речиси секој пратеник или секоја парламентарна група е укажано до вашето Министерство за аномалии и слабости во воспитно образовниот процес, голем број на ученици во училниците, неповолни услови за одвивање на наставата, технички и материјални услови итн, но да се вратам на законот за што излегов да го кажам мојот став. Нормално и на нашата парламентарна група.

Како што реков, можеби требаше овој закон да оди во две фази, но од кои причини ја забрзавте постапката, да одите со скратена постапка, тоа е нешто сосема друго.

Законот го прочитав. Го причитав. Во целина е прифатлив. Тоа е закон што треба да се донесе, што навистина треба да кореспондира со легислативата на Европската унија и некои членови, условно да кажам или текстот во целина, во насока на научно истражувачката дејност се оди со две варијанти во оваа насока: да имаат право на научно истражувачка дејност институции што се надвор од универзитетите или високо образовни установи и нормално, научно истражувачка дејност на универзитетите или оние факултети да дејствуваат внатре, во постојните универзитети во Република Македонија.

Мислам дека целта беше, можеби и навистина да се усогласиме со европското законодавство, но околностите во Република Македонија се сосема поинакви. Начелно, овој закон требаше да биде во состав на постојниот Закон што го донесовме пред извесно време, за високо образование, да биде во состав на тој закон, со што ќе се дефинираа и поконкретни чекори во насока на оваа област, односно на оваа научно истражувачка дејност.

Научните институти кои се надвор од универзитетите се органско одделени од универзитетите. Зошто го велам ова? Ова ќе го материјализирам со идеи, аргументи и факти дека, до сега досегашната појава е успешно претставена на универзитетите во однос на научно истражувачка дејност на секој работник, која при универзитетите беше многу поуспешна. Зошто го велам ова? Затоа што универзитетскиот професор, во секојдневните контакти со своите студенти, му се наметнува потребата секогаш да биде во контакт со стручна литература, и во овие контакти се усовршувал. Затоа што самото барање и нормално на студентот, за знаење, тој, на еден начин го принудиле да биде нон стоп, редовно во тек со својата научно истражувачка дејност. Ова е во согласност и со образовниот систем или Болоњскиот процес, со што има голема врска, а и со тоа дека студентот, откако ќе дипломира и ако создал услови, односно има просек, висок просек поради што сака да магистрира или докторира, многу полесно ќе му биде на студентот да докторира внатре на универзитетот, бидејќи е тука и професорот со кого поминал четири години или три плус две години со тој ист професор и нормално ќе биде многу попристапна стручната литература за усовршување на кандидатот кој сака да магистрира. Нормално, сум за тоа дека можеби требаше научно истражувачка дејност да биде непосредно во рамките на постојните универзитети во Република Македонија.

Затоа се потрудив да ја елаборирам нашата цел. Не сакам да ги потценам научно истражувачките работници кои дејствуваат во другите установи, не сакам да ги потценам како научници, затоа што колку-толку кога научниот работник има непосреден контакт со своите студенти, нормално е дека е должен секогаш да биде подготвен и да биде во контакт со стручната литература.

Во неколку членови, не во многу, во два или три забележав но и поради многу претходни закони што се донесени од ова парламентарно мнозинство, забележав дека некако оваа Влада не може, можеби и свеста не е така издигната и интелектуална и човечка, секако, на министрите, на актуелнава Влада, да се ослободат од националната догма. Зошто го велам ова? На пример, во членот 4 или 5, не се сеќавам кој член беше, се говори за етничка заедница, за националниот идентитет, за историскиот индентитет, културен, на Македонскиот народ. Без да имаме предвид дека Република Македонија е мултиетничко и мултикултурно општество, што значи дека треба да се имаат предвид и овие елементи при изготвувањето на законот, со што нема да се даде аргументот ниту на опозицијата, албанската опозиција, за да излеземе со аргументи и факти за да расправаме, дебатираме и да го изнесеме како проблематично прашање.

Според членовите 8 и 9, особено членот 8, се вели дека Владата носи национални програми, како и МАНУ, но овде не се предвидува консултирање на постојните универзитети во Република Македонија, без оглед дали се работи за државните или приватните универзитети. Ќе го прочитам, да ви биде малку појасно, не знам каков беше преводот. Се вели следново:

“Националната програма ја донесува Владата на Република Македонија за период од 4 години на предлог на Министерството надлежно за работите од образованието и науката, а по претходно мислење на Националниот комитет за развој на научно истражувачка дејност и технолошкиот развој и МАНУ”.

На овој начин, во овој член се исклучени универзитетите. Зошто да не бидат вклучени во овој член и универзитетите, приватни или државни, за да можат да го дадат својот придонес во насока на донесување на овие програми, како на пример, да дадат придонес во научно истражувачката дејност во изготвување на регулативи од научно истражувачката дејност, приоритети во областа и соодветните програми, усогласеноста на националните програми за потребите на Република Македонија итн.

Во членот 16 и 18, во основањето на научно истражувачките институти се говори за научни, јавни и приватни институции.

Според членот 16, се вели дека треба да има шест научни истражувачи, од кои три доктори на науки и три магистри. Додека во приватните, според членот 18, се предвидуваат пет истражувачи од кои двајца доктори на науки, тројца магистри и оставена е опцијата или работници со високо образование. Не мислите ли дека Законот треба да биде еднаков за сите институции во Република Македонија, научно истражувачки? Дали не требаше да важи истата одредба за ист број на вработени научни кадри, како што беа во јавните установи, да биде ист број и во приватните установи? Или обратно. Во приватните се дава можност и “простор” да се манипулира со оние кои немаат можност да бидат магистри, туку да бидат штотуку дипломирани и да бидат помлади научни соработници во овие установи.

Доколку оваа одредба помине, тогаш треба оние кои имаат завршено високо образование, а сакаат да се занимаваат со научно истражувачка дејност, требаше да се предвиди кој критериум треба да се исполни тој да биде вклучен во овие научни установи. Или, да се контролира просекот, на пример 8,5%; 9,5%. Сведоци сме на многу случаеви кога на нашите универзитети се злоупотребени, со сертификат од извод на оценки, со купување на дипломи и други нешта, да не навлегувам во оваа проблематика, мислам дека требаше ова прашање да се уреди. Не е доцна Владата или Министерството да интервенираат во овој сегмент, некако да се уреди според членот 50. Нормално, имаме и амандмани во областа на финансирањето на годишните програми за научно истражувачка дејност, врз основа на пропорционално финансирање, може да има ексклузивност. Ексклузивност на сопственост врз иновациите или патентите. А не Владата, како кофинансиер да има ексклузивна сопственост.

Мислам дека требаше, врз основа на процентот или пропорционално во однос на финансирањето, доколку Владата финансира 40%, а некој финансира 60% за една новина или патент, каде е логиката, на пример Владата да биде сопственик на тој изум? Не мислите ли дека е ова правна дискриминација да се направи некому кој финансира 60%, а оној кој финансира 40% да биде сопственик на тој изум?

И тука имаме поднесено амандман, со што верувам дека ќе се уреди овој дел. Мислам дека ќе има разбирање да се прифати нашиот поднесен амандман.

Сите овие овие нешта ни се јасни. Во ниту еден постоен закон, без оглед дали се говори од вашето Министерство или другите соодветни министерства, не е предвидено создадените кадри во Република Македонија, инвестициите што ги врши државата кон своите кадри, нема никаков модел, форма или излез, поприфатлив излез за сочувување на тие кадри во Република Македонија и да ни се одлеваат надвор од земјава, па после да бидат кадри на други држави.

Треба да се земат предвид овие нешта, овие елементи, бидејќи не треба законот да биде само на хартија. Навистина треба да се спроведе истиот. Да може да се примени и да биде прифатлив и за научно истражувачките институции и установи. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Ви благодарам господине Незири.

За реплика се јави господинот Агим Рамадани.

Повелете господине Рамадани.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Во вториот дел на дискусијата на господинот Сафет не сакам да му реплицирам бидејќи е право на секој пратеник дискутирајќи за содржината на законот да ги искаже своите забелешки и предлози, доколку има, или држат или не држат. Но, не би било тој што е Сафет доколку пред оваа дискусија, последна дискусија да не му претходеше една лоша дискусија со обвинувања кои не држат.

Господине Сафет заборавате три нешта.

Заборaваш дека ја обвинуваш Владата на Република Македонија во насока на состојбата во средните и основните училишта, а таму одговорноста е на локално ниво. Значи, господине Сафет автоматски ти ги критикуваше сите градоначалници во општините каде што општината е таква и тие градоначалници се од неговата партија.

И директорите на училиштата кои ги именувале како кадар, доверлив кадар од нивната партија и состојбата е таква каква што е. Значи, во бедна состојба.

Второ, не треба да заборави господинот Сафет иако имаат именувано лош кадар кои направија голем метеж по овие училишта.Владата се труди со се срце во неколку случаи да интервенира одземајќи ги ингеренциите во тие училишта бидејќи ги пречекоруваат границите во насока на уништување на овие училишта.

Би ви кажал дека Владата се труди да го зголеми образованието, но посвежо е тоа дека актуелната Влада и Министерството за образование ја шири наставата на албански јазик и во паралелките никогаш не сме имале, тоа е во Велес, во Прилеп и во Битола.Значи, го правиме реално тоа што беше неможно.

Трето, немој да заборaваш господине Сафет дека средните училишта ќе бидат задолжителни од идната година. Твојата партија заедно со поранешниот министер од твојата партија беа против овој закон, средните училишта да не бидат задолжителни и господине Сафет од ова задолжително средно училиште ДПА заедно со ВМРО ДПМНЕ, актуелната Влада гради средно училиште во општина Тетово.

Ги зедовме касарните во Куманово, 90 до 100 училишта ќе се градат во текот на оваа година.

Ова е резултатот кој треба да го кажеш и стани маж и прифати го ова признај го ова, како и ние што во секој случај ги прифаќаме нашите грешки но за среќа немаме такви. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Реплика на оваа реплика има господин Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Ќе кажам неколку работи Агим. Не знам за која Влада зборуваш, за Владата Москва Белград која Имер Алиу ја обвини, за таа Влада говориш? Срам е тоа за вас.

Второ, вашата партија е таа партија која не го изгласа Универзитетот. Да не говориме за тие работи.

Трето прашање ги изменивте прозорите во Зеф Љуш Марку. Изнеси еден стави друг прозор. И јас очекував од вас, но нема што да очекувам многу од вас, бидејќи гледам, треба да ја знаеме областа за да говориме. Мислев дека ќе говориш за нешто од научно истражувачката дејност но овие прашања оставете ги на страна.

Таму каде што не може локалната самоуправа треба да интервенира Владата, бидејќи сите училишни објекти во нашата Република се и сопственост на самата држава. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Ристана Лалчевска.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Министерството,

Дозволете да го искажам своето мислење по однос на Предлог законот.

Прво да кажам дека забележувамна ресорното Министерство што и овој закон како и многу други ги нуди пред Собранието во скратена постапка а основното правило дека донесувањето на законите според Деловникот и според општите правила е да се носат во фази, за да се овозможи јавна дебата и да се искаже стручната јавност по однос на предлозите, исто така да се запознае и пошироката јавност со она што го работи Собранието.

Исто така да забележам што иако се работи за закон со знаменце, усогласување со Европската унија нема кореспондентна табела, не е приложена за да можеме ние пратениците да видиме дали е направена усогласувањето и во кој степен е извршено усогласувањето и со кои одредби, со кои директиви од Европската унија. Тоа е во делот на процедуралните забелешки.

По однос на предложениот закон со исклучок на неколку забелешки кои ќе ги изнесам во дебатата мислам дека текстот е концизен, компактен, јасен, прецизен. Значи, може да се даде поддршка на законот и секако Либералната партија ќе го поддржи. Меѓутоа, сакам да истакнам неколку забелешки кои што доколку одевме во две фази ќе ги елиминиравме.

Прво, би сакала да кажам дека во однос на, ќе одам по членови за да не се јавувам за збор по

текстот на законот, во членот 4 во претпоследниот став каде што се пишани целите на законот пишувате “еднаквост на жените во науката”. Тоа е сосема погрешно, бидејќи законот треба да се усогласи со Законот за еднакви можности на Мери Младеновска Ѓорѓиевскажите и жените, не се работи само за еднаквост на жените, туку за еднаквост на половите и мислам дека ова треба да се корегира и да се усогласи со тој закон, иако го поздравувам како решение кое е внесено во овој закон.

Колеги, кого не го интересира науката не мора да слуша, меѓутоа да дозволите некој да се искаже.

(Претседавачот ги опоменува пратениците со ѕвончето)

Понатаму, мислам дека можат да се изострат или зголемат, или уште подобро да се изедначат критериумите колку е потребен бројот на доктори на наука и магистри во научните установи бидејќи во предложените решенија имаме различност, што е неприфатлива, кај установите кои се јавни, мешовити или приватни. Значи, каков пристап апсолутно е неприфатлив. Тие критериуми мора да бидат исти за сите, колкав треба да биде бројот на докторанти, колкав треба да биде бројот на магистри. Дури мислам дека е дадена можност и со самото високо образование да се вклучат, што за мене, во членот 18 е тоа кај приватните установи што е навистина неприфатлилво како решение и до крајот на расправата имаме и амандмани поднесено, господинот заменик министер да размисли за изедначување на овие критериуми, бидејќи ако остане вака како што е понудено во законот.

Понатаму, би сакала да искажам некои забелешки во однос на членот 14, извинете пред се на членовите 9 и 10 каде што една од значајните новини на законот, тоа е нацоналниот комитет за научно истражувачката дејност, воведувањето на овој Комитет. Во членот 10 е пропишано дека тој ќе биде составен од 9 членови, точно е кажано дека министерот надлежен за работа на основното образование и наука, претседателот на МАНУ, претседателот на Комисијата за технолошки развој и уште шест членови кои ќе ги именува Владата. Од шест научни подрачја. Тоа е се во ред, меѓутоа, мене читајќи го законот не ми е јасно, бидејќи во законот тоа не е напишано кој ќе го свикува овој национален Комитет. Кој ќе прецедава, кој ќе води? Значи, немаме законско решение, барем јас не успеав да откријам, бидејќи тој Комитет ќе треба да се свикува на нечиј повик. Дали се подразбира дека тоа ќе биде ресорниот министер, можеби е така, меѓутоа во Законот тоа не е прецизирано и доколку е така дека него ќе го свикува ресорниот министер би требало да биде напишано во законот.

Меѓутоа, со оглед на надлежноста што ја има овој национален Комитет мислам дека не би требало да биде ресорниот министер тој кој што ќе го свикува и на некој начин ќе претседава со работењето на тој Комитет. Значи, тука има една мала слабост која што може да се отстрани за попрецизно да се уреди работењето на националниот комитет за развој.

Советот за научно истражувачка дејност, кој е исто така даден во членот 11, се вели дека тоа е советодавно тело на министерот. На кој министер? Значи, технички се забелешките меѓутоа можат да доведат до забуна. Треба да стои, во сите закони се пишува кој ресорен министер е тоа. Значи министерот од ресорот на образованието.

Исто така, друго тело, значи овој совет го формира министерот, дадено е во членот 12 кои се 7-те члена, дека има претседател и 6 члена од 6 научни подрачја и тоа е во ред и мандатот е даден.

За одборот за етичност велиме дека Владата ќе го именува претседателот и членовите на одборот за етичност, ќе брои 9 членови од 6 истражувачки подрачја и три членови предложени од МАНУ. Дали е добро решението кое е понудено во законот, Владата да го именува претседателот на Советот за етичност. Мислам дека многу посоодветно решение ќе биде доколку дозволиме членовите само да го изберат претседателот на Советот.

Јас мислам дека прочитав таков амандман во амандманите на колегите, давам поддршка и апелирам да го прифатат, да не го врзуваме за Владата да биде директна обврска на Владата. Тој според тоа што му е дадено како надлежност и според тоа што тој треба да дава препораки на Владата би било лошо изборот на претседателот да го врзиме директно за Владата. Значи, да ја заштитиме неговата независност за со подобар капацитет да може да работи, а со давањето на препораки на Владата во форма на препораки секако многу ќе и помогне на Владата, меѓутоа доколку има поголема независност.

Сега би се префрлила уште на делот на преодни и завршни одредби.

Во членот 61 став 1, наброени се јавните научно установи од посебен државен интерес и тие ќе продолжат да работат како јавни научни установи.

Во ставот 2 се наброени јавните научни установи а во ставот 3 за истите се дава можност за нивно преструктуирање согласно одредбите на овој закон, Законот за високо образование.

Меѓутоа, овде не е дадена можност истите да се трансформираат или да се реорганизираат како приватни научни установи, иако во членот 18 од Законот е предвидено постоење на такви научни установи.

Исто така има амандмани за овој член и мислам дека е најсоодветно да им дадеме законска основа и законска можност да можат да се транформираат и да продолжат да работат соодветно, бидејќи ако не им дадеме таква можност ќе ги ставиме во нерамноправна положба, пред се со оние што допрва ќе се формираат. Значи, оние што допрва ќе се

формираат согласно законот ќе бидат во поповолна положба од овие што ќе треба да се трансформираат.

Мислам дека тоа е законски недопустливо решение и апелирам да се прифати амандманот на колегите пратеници кој е поднесен за корекција на овој закон.

За крај би сакала да кажам дека можеби требаше да размислиме кога го носевме Законот за високо образование и овој дел за научно истражувачка дејност да го вклучиме во Законот за високо образование бидејќи тоа е една од насоките на Болоњската декларација, која што најверојатно во најскоро време ќе треба да направиме, некаде до 2010 година, а со оглед дека сме 2008 година, меѓутоа се одлучивме за ваков начин, наскоро кога веројатно тој процес ќе треба да го проследиме овие закони како една кодофицирана материја повторно ќе ги разгледуваме, а во меѓу време ќе ги лоцираме сите слабости за да можеме тогаш да ги елиминираме. Благодарам на вниманието.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

За збор се јави заменик министерот за образование, Лазаров.

**Јован Лазаров:** Благодарам на убавите забелешки на пратеничката Лалчевска а исто така и на претходните пратеници кои дадоа добри забелешки.

Добар дел од нив ќе бидат прифатени како амандмани, а пратеничката Лалчевска рече дека немало кореспоидентна табела и изјава за усогласеност. Постои во материјалот, ако во нејзиниот материјал нема нека побарат може да се најде и ќе и се даде.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министер.

Бидејќи н ема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за научно истражувачка дејност.

Пред да продолжиме со гласање и да ве повикам на гласање јас би ги замолил сите пратеници кои што се надвор од салата да влезат како би можеле да влезат во салата како би можеле да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Колеги пратеници со оглед на тоа што сме далеку од кворумот овде ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот по истата точка. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,44 часот)